СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
-- 75 ГОДИНИ НА ВАША СТРАНА --

Бр. 01-391
Скопје, 15.05.2020 година

ДО:

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРСКА: ЗАКОН ЗА ОТПИС НА КАМАТИ И РЕПРОГРАМИРАЊЕ НА ДОЛГОВИ И ТРОШОЦИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА БР. 31/2020 ОД 10.02.2020 ГОДИНА)

## ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ

ОД: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ, ЕМБС 4065549,
СЕДИШТЕ: "11 ОКТОМВРИ" БР. 7 1000 СКОПЈЕ

Почитувани,

Повикувајќи се на обврската од член 6 став 2 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020 од 10.02.2020 година), Стопанска банка АД Скопје во улога на доверител во приватна сопственост го известува Министерството за финансии за следното:

Согласно одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020 од 10.02.2020 година), а имајќи го во предвид целосното дискреционо право на доверителите во приватна сопственост регулирано со член 6 од овој закон да одлучат на доброволна основа, Управниот одбор на Стопанска банка АД Скопје донесе Одлука бр. 01-389 од 15.05.2020 година, дека Стопанска банка АД Скопје во улога на доверител во приватна сопственост нема да врши отпис на камати и репрограмирање на главен долг и трошоци, на начин, под услови и во постапка кои се утврдени со горенаведениот закон.

Повикувајќи се на обврската од член 8 став 2 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020 од 10.02.2020 година), Стопанска банка АД Скопје во улога на носител на платен промет ги известува Министерството за финансии и Народната банка на Република Северна Македонија за следното:

Согласно одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020 од 10.02.2020 година), а имајќи го во предвид целосното дискреционо право на носителите на платниот промет регулирано со член 8 од овој закон да одлучат на доброволна основа, Управниот одбор на Стопанска банка АД Скопје донесе Одлука бр. 01-390 од 15.05.2020 година дека Стопанска банка АД Скопје во улога на носител на платниот промет целосно се откажува од трошоците за деблокирање на трансакциските сметки на должниците чии долгови се отпишани согласно одредбите од спомнатиот закон.

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

Одлуката бр. 01-389 од 15.05.2020 година (во улога на доверител во приватна сопственост) е донесена од страна на Банката како резултат на претходно извршени детални анализи и согледувања по однос на импликациите од евентуалното пристапување кон еднострано отпишување на пресметани камати и репрограмирање на долгови и трошоци. Во таа смисла, утврдени се повеќе причини што го оправдуваат карактерот на одлуката од кои ги издвојуваме следните:

- во својата постојна Политика за наплата, Банката има соодветни програми за адекватен пристап кон сите должници кои имаат чесни намери за плаќање на нивните обврски а од разни причини истите имаат заостанати долгови и тоа преку индивидуален пристап и соодветно дефинирани права и обврски на двете договорни страни. Несомнено дека Банката ќе продолжи со таквата практика и понатаму, постојано усогласувајќи ја својата Политика и соодветните програми;
- доколку се пристапи кон отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци, во таков случај пропорционално мал број на должници – физички лица кои не ги исполнуваат нивните обврски спрема Банката, неоправдано би биле ставени во привилегирана положба во однос на огромен број на корисници на кредити – физички лица кои редовно ги исполнуваат нивните обврски. Тоа би довело и до стимулирање на финансиска недисциплина, со сите последици кои таквата појава ги има по целокупната економија во државата;
- со ваквата одлука на Банката се заштитуваат интересите на депонентите кои ги довериле своите заштеди на Банката а се штити и сигурноста на нивните депозити, имајќи во предвид дека истите очекуваат од Банката да применува прудентни принципи во своето работење, секогаш во согласност со законските прописи и меѓународните стандарди во работењето;
- одлуката е во насока и на заштита на акционерскиот капитал и акционерите на Банката, а со тоа и обезбедување на стабилност и сигурност на Банката, особено во наредниот период кога за банките се наметнуваат многу предизвици. Единствено на тој начин би се обезбедил здрав, ликвиден и солвентен банкарски систем кој е основа за економски раст и развој.

Горенаведените согледувања беа дискутирани и во рамките на Македонската банкарска асоцијација - Скопје како репрезентативно здружение на сите банки и штедилници во државата и истите во целост беа потврдени од страна на сите банки и штедилници во приватна сопственост. За таа цел, беше донесена и посебна одлука на Собранието на Македонската банкарска асоцијација - Скопје.

Одлуката бр. 01-390 од 15.05.2020 година (во улога на носител на платниот промет) Банката ја донесе за да излезе во пресрет на целта на Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица и целосно да ги ослободи од плаќање на трошоците за деблокирање на трансакциските сметки сите граѓани – должници чии долгови ќе бидат предмет на отпишување согласно одредбите од споменатиот закон.

**ЗА СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**
**По овластување од Управен одбор:**

**Сектор за наплата, Мирко Аврамоски, Директор** ________________
**Сектор за платен промет, Снежана Лутвиовска, Директор** ________________
**Сектор за правни работи, Горазд Поповски, Директор** ________________

Стопанска банка А.Д. СКОПЈЕ 01 СКОПЈЕ

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk